# Портрет: една класа

***Пред некое време ми беше соопштена идејата да изберам неколку млади автори-ликовни уметници, кои според некои критериуми се сметаат за добри и квалитетни.***



Размислувајќи на темата кој автор-уметник ми оставил впечаток, ми се вратија сеќавањата на традиционалната годишна изложба на ФЛУ, одржана во јуни '98. Таа година, меѓу толпата од родители, пријатели и младите автори, ѕиркав делата што студентите ги изложиле како резултат на нивната креативност и работливост преку годината. Таа година беше година на инаугурација на младата класа вајари-бруцоши од класата на проф. Васил Василев. Овој текст е портрет на таа класа, сега веќе навлезена во третата година од студиите.

Се сеќавам кога влегов во наjмалечката просторија од салите каде што работат вајарите (во новите простории во дворот на Педагошката академија), очекувајќи да видам класични и веќе стереотипни портрети и актови. Но, наместо празна просторија со веќе очекуваните строго академски стереотипни вежби, се изненадив кога на прозорците забележав мноштво минијатурни скицуозно изработени статуетки и скулптурички, апстрактни, во слободна форма или фигурални. Иако сè уште бруцоши, овие студенти беа слободни да ги остават во разновидни материјали своите инспирации и идеи. Се разбира, во просторијата беа поставени и дела од задолжителните вежби било како скулптури, портрети во гипс, било како цртежи што висеа закачени по ѕидовите. Но, слободата, еланот и ентузијазмот на овие млади луѓе, кои владееја во малечката просторија, ги засенуваа останатите постари студенти и нивните изработки сместени во поголемите хали. Изненадувањето беше поголемо како и воодушевувањето кога трупот дрво што го работеа подолго време, а кое стоеше пред објектот, испадна дека е заедничка работа на целата класа. Претходно, навистина ги забележав како сите заедно го изработуваа дрвото, симнувајќи слој по слој, додека не дојдат до саканата форма, со иста волја, енергија, ентузијазам и пријателство. Од таа работа излезе реално фигуративна скулптура со реалистички, експресионистички и надреалистички партии и на која секој имаше слобода да се изрази онака како што најмногу му лежи, на парчето што го имал за изработка. Во моментов, не можев да најдам фотографија од неа, но затоа скулптурата сè уште е поставена во дворот на зградата, па секој може да ја види. Тоа е претстава на три фигури, две до половината во анфас, а третата опфатена грбно, додека во задницата на скулптурата има еден орнамент. Веќе следната година, тие ја сменија просторијата. Се сместија во поголема, а резултатите беа на подобро. Просторијата беше исполнета и за втората изложба на која веќе пooслободени и позрели се забележаа поголеми, по обем, скулптури во мермер, дрво, метал (конструкција од жица) и бетон. Можеа да се забележат слободни форми, фигурација, асоцијативни форми, со тотемска концепција. Некои веќе препознатливи по форма и појавност, некои нови, нивни.

Актери и главни протагонисти во дејствието, кои ме натераа да го напишам текстов, се: Љубиша Камнаров, Тања Тасевска, Синиша Новевски, Недан Пановски, Ведран Бојановски, Војдан Запров, Синиша Мандиќ и Ј. Куновски, се разбира, под будното и строго око на „организаторот на дејствието“ во класата, професор Васил Василев, кој, се надевам, нема да ми забележи ако се смета за изоставен и недоволно спомнат. Но, зборот, сепак, го имаат младите.



Нада ПЕШЕВА

# Во Австралија (во кој град?) - во Тувумба!!!

На летната школа во јануари 1998 год., нашата драга Билјана Клекачкоска учеше на оделот за сребро. Денес е вработена во „Рубин кармин“ како филигранист. За модната колекција на џемпери, на Лидија Георгиева, одржана во Париз, Билјана изработи необични плочки од сребро, кои беа вметнати во плетката на џемперот.

Репродукциски, ви прикажуваме по неколку парчиња од серијата „Пикасовски накит“ во глинамол и византиски накит (современо третиран) во сребро.



ТРИ ЖИГА

ДРЖАВЕН ЖИГ: Цената на прстените е од 300 до 1.000 денари. Обетките од 500 до 750 денари. Некои од ракотворбите не се продаваат.

ЖИГ ЗА ЧИСТОТА: А што тоа таму се случува во центарот на





1241, 29.12.'97